**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот “Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“ за академската 2016/2017 година.**

Проектот: **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“**, има за цел да ги подобри одржливоста, академските постигнувања и личните капацитети на студентите Роми во Република Македонија.

Повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: “Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“, дава можност на сите редовни студенти Роми на додипломски студии од државните и приватните универзитети во Република Македонија да аплицираат за вклучување во задолжителните и незадолжителните активности на проектот.

### Задолжителни активности

- Туторство
- Курс по странски јазици
- Работилници за зајакнување на ромскиот идентитет

### Не задолжителни активности

- Курс по компјутери
- Користење на литература
- Работилници за зајакнување на академските перформанси
- Студентски иницијативи и проекти

Проектот: “Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“ е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд од Будимпешта.

## Цели на проектот

• да се зголеми бројот на студенти Роми во државните и приватните универзитети во Република Македонија;

• да се зголеми вклученоста на студенти Роми во високото образование преку обезбедување индивидуална, академска и неформална поддршка;

• да се подобрат академските перформанси, постигнувања, индивидуални вештини и капацитети на 75 студенти Роми запишани во државните и приватните универзитетите во Република Македонија;

• да се креира средина за општествена партиципација на младите Роми во Република Македонија за прашања кои се поврзани со инклузија на Ромите;

• да се формира РОМАВЕРЗИТАС алумни од Роми со завршено високо образование кои беа поранешни корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС.

## Активности на проектот

Проектот "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија" содржи задолжителни и незадолжителни активности за неговите корисници студенти Роми во академската 2016/2017 година.

**Задолжителни активности на проектот**

Сите селектирани студенти Роми од овој повик, ќе треба задолжително да користат туторски часови, да посетат курс по странски јазици и да учествуваат на работилниците за зајакнување на Ромски идентитет.

**1.ТУТОРСТВО**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" ќе овозможи туторство за селектираните студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Туторството е дополнителна академска туторска помош за студентите Роми преку индивидуални часови на туторот и студентот за одреден/и предмети.

Целта на туторството е поуспешно совладување на наставните содржини и зголемување на можностите за успешно подготвување и полагање на одреден/и предмети/испити.

Студентите Роми имаат можност да користат максимум 40 туторски часа во текот на една академска година, минимум за еден академски предмет може да се користат 10 туторски часа, а максимален број на академски предмети за кои може да побарате туторство се 4 академски предмети во текот на академската 2016/2017 година.

Студентите кои ќе аплицираат можат да предложат тутор за одржување на туторските часови, но не е задолжително. За тутор може да биде предложен универзитетски асистент, дипломиран на I и II циклус на студии, студент на II циклус на студии, како и студент на I циклус на студии кој го положил предметот со оцена најмалку 8.00. Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" има задача да обезбеди тутор на селектираните студенти кои нема да предложат тутор во своите формулари за туторство или предложениот тутор не ги исполнува условите за тутор.

Туторството ќе се регулира со посебен договор за туторство во кое ќе бидат договорени обврските на студентот и висината на хонорарот за туторот.

**Туторството ќе се реализира во следните чекори:**

1.Доставување на формулар за планирање на туторски часови од страна на студентот/ката

2.Потпишување на договор за туторство помеѓу Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" и студентот/ката

3.Реализација на предвидените туторски часови

4.Доставување на формулар за реализирани туторски часови

5.Доставување на наративен извештај на туторот и студентот за реализираните туторски часови и постигнатите резултати

## 2. КУРС ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе овозможи курс по странски јазици за селектираните студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Целта на курсевите по странски јазици е подобрување на вештините за странски јазици на студентите Роми, зголемување на нивниот пристап до информациите, зголемување на нивното учество и искористеност на интернационалните програми и можности, како и зголемување на нивните можности за вработување и градење на кариера.

Курсевите по странски јазици ќе се однесуваат само за еден степен, учесниците на курсевите по странски јазици по успешно завршување на курсот ќе се стекнат со сертификат за успешно завршен курс. Утврдувањето на степенот на учесниците во курсевите по странски јазици ќе биде реализиран од страна на училиште за странски јазици.

Периодот на реализација на курсот по странски јазици ќе биде договорен помеѓу студентите и училиштето за странски јазици.

## 3.РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе организира и испорача работилници за зајакнување на ромскиот идентитет за селектираните студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Целта на работилниците е да се зајакне ромскиот идентитет на студентите Роми преку стекнување на информации и потикнување на критичко размислување за ромскиот идентитет, историја, јазик и култура. Покрај тоа, да се потикнат студентите Роми да учествуваат во ромското движење охрабрувајќи ги да одбележуваат важни настани за Ромите.

Теми на работилниците за зајакнување на ромскиот идентитет се:

- Ромски идентитет
- Историја на Ромите
- Ромски јазик и култура
- Ромско движење

## Не задолжителни активности на проектот

Сите селектирани студенти Роми од овој повик, ќе имаат можност да посетат курс по компјутери, да учествуваат на работилници за зајакнување на академските перформанси, да користат литература и да користат грант за студентски иницијативи и проекти, но користењето на овие активности не е задолжително.

## 1. КУРС ПО КОМПЈУТЕРИ

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе овозможи курс по компјутери за селектираните студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Целта на курсот по компјутери е подобрување на вештините за работа со компјутери на студентите Роми, стекнување на основни и напредни вештини за работа со програмите на Microsoft Office, зголемување на нивниот пристап до информациите, како и зголемување на нивните можности за вработување и градење на кариера.

Курсот по компјутери ќе се однесува само за еден степен, учесниците на курсот по компјутери, по успешно завршување на курсот ќе се стекнат со сертификат за успешно завршен курс. Утврдувањето на степенот на учесниците во курсот по компјутери ќе биде реализиран од страна на центар/училиште за компјутерски обуки.

Периодот на реализација на курсот по компјутери ќе биде договорен помеѓу студентите и центарот/училиштето за компјутерски обуки.

## 2. РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АКАДЕМСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе организира и испорача работилници за зајакнување на академските перформанси за селектирани студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Целта на работилниците е да се зајакнат академските перформанси на студентите Роми преку стекнување на академски знаења, вештини и надградба на академските капацитети.

Теми на работилниците за зајакнување на академските перформанси се:

- Менаџирање на време
- Комуникациски и презентациски вештини
- Техники за ефикасно и ефективно учење
- Методологија на научно-истражувачка работа

## 3. КОРИСТЕЊЕ НА ЛИТЕРАТУРА

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе врши прибирање на предлози за литература, набавка и чување на литература, како и пристап и изнајмување на литература за селектираните студенти Роми во академската 2016/2017 година.

Сите селектирани студенти Роми од овој повик, ќе имаат можност да предложат и изнајмат литература во текот на академската 2016/2017 година.

## 4. СТУДЕНТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРОЕКТИ (СИП)

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ ќе додели грант за студентски иницијативи и проекти (СИП) за селектирани студенти Роми во Скопје, Тетово и Штип во академската 2016/2017 година.

Сите селектирани студенти Роми од овој повик, освен селектираните студенти кои студираат во прва година, ќе имаат можност да аплицираат за неколку грантови:

- грант за дебати, дискусии и академски панели
- грант за микроистражувања
- грант за студиски посети
- грант за дополнително обуки/работилници
- грант за стажирање/практиканство

Целосен опис на грантовите за студентски иницијативи и проекти можете да прочитате на Повикот за студентски иницијативи и проекти.
Сите заинтересирани студенти за повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија" треба да ги исполнуваат условите за аплицирање и да аплицираат со испраќање на документите за аплицирање.

## Услови за аплицирање

Студентите треба да ги исполнат следните услови:

- да се студенти Роми на додипломски студии;
- да се редовни студенти запишани на студиските програми на државните или приватните универзитетите во Република Македонија во академската 2016/2017 година.

## Документи за аплицирање

Студентите Роми кои не беа корисници на активностите на проектот во академската 2015/2016 година треба да ги достават следните документи:

- пријава за вклучување во програмата со писмо за мотивација;
- оргинална или фотокопирана или скенирана потврда за редовен студент за академската 2016/2017 година;
- фотокопија или скен од индекс или фотокопија или скен од најново уверение за положени испити;
- индекс на увид за студентите на факултетите каде тоа е можно.

Студентите Роми кои беа корисници на активностите на проектот во академската 2015/2016 година треба да ги достават следните документи:

- оргинална или фотокопирана или скенирана потврда за редовен студент за академската 2016/2017 година;
- фотокопија или скен од индекс или фотокопија или скен од најново уверение за положени испити.

## Начин на аплицирање

Документите за аплицирање за повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија" треба да се достават електронски на следната е-маил адреса: **office@romaversitas.org.mk** или лично во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во Скопје, Штип и Тетово или по пошта на адреса ул. 11 Октомври бр.18/7, 1000 Скопје (со назнака апликација за РОМАВЕРЗИТАС).

## Краен рок за аплицирање

Повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија" за академската 2016/2017 година е отворен до **25 Септември 2016 година.**

## Процес на селекција

Доколку има поголем број на апликанти за повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: “Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“, предност во процесот на селекција ќе имаат студентите во прва и втора година на студии, како и студенти со понизок среден просек на оцени.

Сите студенти Роми кои ќе аплицираат во повикот ќе бидат регистрирани во базата на студенти на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ за академската 2016/2017 година.

## Напомена

**Сите селектирани студенти Роми од овој повик, ќе треба задолжително да користат туторски часови, да посетат курс по странски јазици и да учествуваат на работилниците за зајакнување на Ромски идентитет.**

Дополнителни информации за повикот за вклучување на студенти Роми во активностите на проектот: “Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“ можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје и Тетово, или за Скопје на тел: 076/225-568, за Штип на тел: 075/203-064 секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот и за Тетово на тел: 076/233-698, секој работен ден од 10.00 до 14.00 часот или електронски на е-маил адреса: **office@romaversitas.org.mk**